Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-1928/1
29.04.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# СТУДИЈА

## за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на Општина Штип

## Содржина

*Вовед* ........................................................................................................................... 3
*Програмска понуда* ........................................................................................................ 4
*Економско работење на постојната радиостаница и потенцијал на пазарот* ................................... 6
*Заклучок* ........................................................................................................................ 8

## *Вовед*

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) ја изработи оваа студија во согласност со член 70 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во кој е утврдена обврска за АВМУ, по прием на писмено барање од заинтересирана страна за доделување дозвола за радио емитување, доколку согласно Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека има слободни радиофреквенции, да изработи студија која треба да покаже дали постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола.

Во февруари 2025 година, до АВМУ беше доставено барање за отворање музичко радио од специјализиран формат на подрачјето на Општина Штип, кое ќе емитува забавна музика, а говорниот дел од програмата ќе се емитува на македонски и на српски јазик.

Имајќи го предвид ова, АВМУ побара од Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) информација дали има слободни фреквенции на ова подрачје, и доколку има, да ѝ достави начелни технички параметри врз основа на кои ќе се изработи техничкото решение за емитување радиопрограма.

Според известувањето од АЕК, од кое е видно дека слободни радиофреквенции има, за покривање на град Штип може да се искористат следните технички параметри:

- Можна локација на предавател: Каракуш;
- Ефективна иззрачена моќност: 200 W;
- Фреквенција: 105.3 MHz.

За да одговори на целта заради која се изработува, во оваа студија е направена анализа на актуелната состојба на радискиот пазар во Општина Штип, односно анализа на постојната програмска понуда; економските перформанси; потенцијалните огласувачи; и демографската структура на потенцијалната публика, односно на слушателите.

## *Програмска понуда*

На подрачјето на Општина Штип програма емитува само едно радио - Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип.

РА Енџелс е музичко - говорно радио од општ формат. Застапеноста на говорните содржини кај радијата со ваков формат е над 5% до 15% од вкупната емитувана програма на неделно ниво[1], без времето одвоено за содржините што не подлежат на класификација, а емитуваната музика е од различни музички жанрови и ниту еден од нив не е застапен со повеќе од 70% во вкупно емитуваната музика во текот на една недела. Според програмскиот концепт[2] што го има доставено во Агенцијата, оваа радиостаница неделно ѝ нуди на публиката **11 часа говорни содржини**, кои се емитуваат на македонски јазик, и **150 часа музика**. Според медиумската функција што ја исполнуваат, два часа и 15 минути од пријавените говорни содржини се со информативна функција, 45 минути се со образовна функција и осум часа се со забавна функција.

**Структура на планираната неделна програма (согласно програмскиот концепт)**

| | Видови програми | Времетраење по вид програма (часови и минути) |
|---|---|---|
| Информативна функција | Вести/ТВ дневници | 01:15:00 |
| | Актуелно-информативна програма | |
| | Актуелно-информативна програма со документаристички пристап | |
| | Актуелно-информативна говорна шоу програма | |
| | Преноси или снимки од седници на органите на власта | |
| | Преноси или снимки од општествено-политички настани | |
| | Информативни магазини | |
| | Специјализирани информативни емисии | |
| | Информативно-забавна програма | |
| | Инфо-сервис | |
| | Информативна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки | 00:30:00 |
| | Друга информативна програма | 00:30:00 |
| Образовна функција | Образовна програма | |
| | Образовно-забавна програма | |
| | Образовно-забавна програма за физичка култура и рекреација | |
| | Документарна програма | |
| | Документарно-забавна програма | 00:45:00 |
| | Образовна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки | |
| | Документарна програма со религиозна тематика | |

[1] Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите е достапен на веб страницата на Агенцијата, на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Pravilnik_za_formatite_na_programskite_servisi.pdf
[2] Достапни на веб страницата на Агенцијата, на следниот лкинк: https://avmu.mk/програмски-концепт-за-радио-програмс-2/

| | | |
|---|---|---|
| | Друга образовна програма | |
| Забавна функција | Забавно-информативна | |
| | Забавна говорна шоу програма | 04:00:00 |
| | Забавно-образовна програма | |
| | Забавно-документарна програма | |
| | Програми со хороскоп/тарот/јасновидци или толкување соништа | |
| | Спортска програма (пренос или снимка од спортски натпревари или настани и спортски магазини) | |
| | Радио драма (серии, серијали, хумор и сатира) | |
| | Музичка програма (музичко-говорни програмски целини, снимки и преноси од концерти, музички фестивали, опера и слично, музички спотови, музичка реалистична програма) | |
| | Игри (натпревари со ниска продукциска вредност, натпревари со висока продукциска вредност, квизови, игри на среќа и наградни игри) | |
| | Друга забавна програма | 04:00:00 |
| | Вкупно | **11:00:00** |

Од содржините со информативна функција, пријавено е дека еден час и 15 минути неделно ќе бидат програми што ќе третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето на Штип. Сепак, во 2023 и 2024 година радиостаницата не емитувала ваков вид програми.

РА Енџелс емитува само забавна музика, од која најголем дел е поп музика (65%). Во 2014 година пријавила дека по 45% од музиката што ќе ја емитува на неделно ниво ќе биде на македонски и на англиски јазик, 6% ќе биде на српски и 4% на хрватски јазик. Согласно Извештајот за спроведување на обврските во дозволата за радио емитување, 50% од музиката што ја емитувало ова радио во 2024 година била на македонски јазик, 48% на англиски, 1% на српски и 1% на други јазици.

**Структура на планираната неделна музика (согласно програмскиот концепт)**

| Вид | Жанр | Времетраење (%) |
|---|---|---|
| Народна | Традиционална | |
| | Етно/World music | |
| | Новосоздадена народна музика | |
| | ***Вкупна народна музика*** | |
| Популарна (забавна) | Поп | 65% |
| | Џез | 5% |
| | Блуз | 5% |
| | Рок/Рок енд рол | 20% |
| | Електронска музика/техно | 5% |
| | ***Вкупна забавна музика*** | |
| Класична | | |
| Духовна | | |
| | **Вкупна музика** | **100%** |

До април  2025 година, на подрачјето на Штип програма емитуваше и непрофитното студентско радио УГД ФМ, кое во текот на една недела емитуваше 17 часа и 30 минути говорни содржини, од кои 10 часа и 30 минути содржини и информации наменети за студентите.

## *Економско работење на постојната радиостаница и потенцијал на пазарот*

Вкупните приходи коишто радиостаницата Енџелс ги остварила во 2022 година изнесувале 1,77 милиони денари, во 2023 година 2,00 милиони денари и во 2024 година 1,88 милиони денари. Речиси единствен извор на приходи во секоја година била продажбата на времето за рекламирање.

**Вкупни приходи и приходи од реклами**

**во последните три години**

| РА Енџелс | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|
| вкупни приходи | 1.77 | 2.00 | 1.88 |
| приходи од реклами | 1.76 | 1.91 | 1.88 |

Општина Штип има пазарен потенцијал и од аспект на публиката (бројот на жители) и од аспект на потенцијалните огласувачи (бројот на активни деловни субјекти). Според Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија во 2021 година[3], резидентното население во Штип брои вкупно 44.866 жители. Структурата на населението според возраста покажува дека до 74-годишна возраст, ниту една старосна група не отстапува значајно.

**Број на население според старосни групи од по пет години**




[3] Податоците се достапни на веб страницата на Државниот завод за статистика, на следниот линк: www.stat.gov.mk/publikacii/2022/POPIS_DZS_web_MK.pdf

Доставеното барање за објавување јавен конкурс се однесува за музичко радио од специјализиран формат, кај кое говорните содржини ќе се емитуваат на македонски и српски јазик. Меѓутоа, имајќи ја предвид етничката структура на жителите на Штип очигледно е дека не постои оправданост да се додели дозвола за емитување на српски јазик, поради тоа што само 0,4% на последниот Попис на населението се изјасниле дека се Срби.

**Структура на населението според етничка припадност[4]**




Според податоците од Државниот завод за статистика (последни достапни податоци се за 2023 година), бројот на активни деловни субјекти во Штип изнесувал 1.794[5]. Во 2022 година, на подрачјето на оваа општина активни биле вкупно 1.784 деловни субјекти, а во 2021 година 1.783. Ова ја вбројува Општина Штип меѓу десетте македонски општини со најголем број активни компании, кои се потенцијални огласувачи на локалните радиостаници.

---

[4] Податоците се достапни на вб страницата на Државниот завод за статистика на следниот линк: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Popisi__Popis2021__NaselenieVkupno__NaseleniePopis2021__EtnoKulturniKarakteristiki/T1008P21.px/table/tableViewLayout2/

[5] Податоците се достапни на веб страницата на Државниот завод за статистика, на следниот линк: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__DelovniSubj__AktDelovniSubjekti/425_Delovni_Reg_Ops_NACE_ml.px/

## *Заклучок*

Општина Штип е една од десетте македонски општини со најголем пазарен потенцијал и од аспект на публиката (бројот на жители изнесува 44.866) и од аспект на потенцијалните огласувачи (бројот на активни деловни субјекти изнесува 1.794). И покрај тоа, изборот на публиката е ограничен на само една локална радиостаница (РА Енџелс), која емитува програмски сервис музичко-говорно радио од општ формат. Оваа радиостаница во последните три години остварува стабилни приходи, а доминантен извор на приходи е рекламирањето. Со доделување довола за радиоемитување ќе се зболати понудата и граѓаните на Штип ќе имаат поголем избор на радиски содржини. Имајќи предвид дека согласно Препораката CM/Rec (2018)1 за плурализам во медиумите и транспарентност на медиумската сопственост што Советот на Европа ја донесе во март 2018 година, првото ниво на кое се постигнува разновидност на програмските содржини е постоење програмски сервиси со разновидни формати, заклучокот од оваа Студија е дека **постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на Општина Штип, и тоа за програмски сервис музичко радио од специјализиран формат, на македонски јазик, во кое емитуваната музика е доминантно популарна (забавна).** Ова значи дека до 5% од вкупно емитуваната програма во текот на една недела, без времето одвоено за содржините што не подлежат на класификација, треба да бидат говорни содржини, а најмалку 70% од вкупно емитуваната музика во текот на една недела треба да биде забавна (популарна).

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ